Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип
Факултет за туризам и бизнис логистика - Гевгелија

Општина Дојран

# ТУРИЗМОТ ВО ДОЈРАНСКИОТ РЕГИОН



ШТИП, 2012

# ЗБОРНИК НА ТРУДОВИ ОД НАУЧНО-СТРУЧНА ТРИБИНА
## одржана на 20 април 2012 година во Дојран

**Издавач:**
***Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип***
***Факултет за туризам и бизнис логистика - Гевгелија***

**Покровител:**
***Г-дин Глигор Чабулев,***
**Градоначалник на Општина Дојран**

***За издавачот*:**
**Доц. д-р. Нако Ташков,** ***Декан на ФТБЛ - Гевгелија***

***Редакција*:**
**Доц. д-р. Нако Ташков,** ***претседател***
**доц.д-р Никола В. Димитров,** ***Одговорен уредик***
**Доц.д-р Дејан Методијески,** ***технички секретар***
**д-р. Тања Ангелкова,** ***технички секретар***
**Доц.д-р Билјана Петревска,** ***член***
**Данче Гавриловска - Атанасовска,** ***јазична редакција***

**Организационен одбор:**
Доц. д-р Нако Ташков, Декан, *претседател*
Доц. д-р Никола В. Димитров, продекан, *секретар*
Доц. д-р Златко Јаковлев
Доц. д-р Цане Котески
Доц. д-р Билјана Петревска
Доц. д-р Елизабета Митрева
Доц. д-р Драшко Атанасоски
Магдалена Кречева, Општина Дојран
Андреј Ангеловски, Општина Дојран

**Секретаријат:**
М-р Тања Ангелкова,
М-р Дејан Методијески,
М-р Душица Санева,
М-р Татјана Џалева,
М-р Наташа Колевска,
М-р Оливер Филипоски,
М-р Душко Јошески,
М-р Снежана Дагалева,
М-р Владимир Китанов
М-р Зоран Темелков,
М-р Анета Стојанова

# С О Д Р Ж И Н А

**ПРЕДГОВОР**.........................................................................................................7

**Проф. д-р Благоја Маркоски**

Дојранска Котлина..........................................................................................9

**Проф. д-р Марија Ацковска, Доц. д-р Неда Петровска**

Потенцијани извори на финансирање на туризмот во Дојранскиот регион...15

Проф. д-р **Гордана Панова**

Лековитоста на Дојранското Езеро.........................................................21

**Проф. д-р Ристе Темјановски**

Подобрување на патната инфраструктира во регионот на Дојранското Езеро за поттикнување на поинтензивен туристички развој..............................................27

**Доц. д-р Рубин Земон**

Популаризација на антрополшките вредности на Дојранскиот регион како можност за развој на туризмот.......................................................................39

**Доц. д-р Виолета Мацова**

Средствата на ИПАРД во функција на поттикнување на туризмот во Дојран.......................................................................................................53

**Доц. д-р Маргарита Матлиевска**

Осврт на проектот „Спас на Дојранското Езеро“...............................................65

**Доц. д-р Нако Ташков, м-р Тања Ангелкова, м-р Татјана Џалева**

Плажите во функција за зголемување на туристичкиот промет во Општина Дојран...........................................................................................................75

**Доц. д-р Никола В. Димитров, м-р Душко Јошески**

Основни социо-економски параметри за унапредување на туризмот во Општина Дојран.......................................................................................81

**Доц. д-р Дејан Илиев**

Со развојот на риболовниот туризам до продолжување на туристичката сезона на Дојранското Езеро...........................................................................93

**Доц. д-р Билјана Петревска**

Предвидување на туристичката побарувачка во Дојранскиот регион.........101

**Доц. д–р Елизабета Митрева, м-р Оливер Филипоски**

Примена на стратегии на TQM (total quality management) во унапредување на квалитетот на услугите во туризмот...........................................................113

**Доц. д-р Златко Јаковлев, м-р Влатко Пачешкоски**

Програмирање на спортско-рекреативната анимација во Дојранскиот регион.......................................................................................................125

**Доц. д-р Цане Котески, М-р Владимир Китанов**

Структура на патната мрежа и нејзиното влијание врз развојот на туризмот во Општина Дојран.......................................................................................137

**Д-р Марија Магдинчева – Шопова**

Улогата на малите претпријатија во развојот на туризмот во Дојранскиот регион...........................................................................................147

**Доц. д-р Нако Ташков, м-р Владан Андоновиќ, Доц. д-р Дејан Методијески, Илија Лазаревски**

Имплементација на информационо управувачки систем за Општина Дојран....................................................................................................155

**Доц. д-р Никола В. Димитров**,

Од идеја до реализација (ККК – „ПОЛИН“ – Полифункционална содржина на туризмот во Општина Дојран)....................................................................161

**Доц. д-р Драшко Атанасоски**

Влијанието на сообраќајната поврзаност за раст на туризмот во Дојранскиот регион....................................................................................................171

**М-р Ленче Насев**

Културните и музичките манифестации како значаен фактор за развој на туризмот во градот Дојран....................................................................185

**М-р Душица Санева, М-р Снежана Бардарова, М-р Горан Антониевски**

Гастрономската понуда како фактор за развој на туризмот во Дојран....................................................................................................191

**М-р Наташа Колевска, Јулија Наковска**

Потенцијали за развој на екохотели во Дојран.............................................197

**М-р Кристина ковачевиќ**

Бизнис етиката во функција на долгорочен развој на туризмот во Дојран...209

**М-Р ВАНЃА ДИМИТРИЕВА – КУЗАМНОСКА**

СЕКОЈДНЕВНОТО КОРИСТЕЊЕ НА ТРАДИЦИОНАЛНИТЕ НОСИИ ВО УГОСТИТЕЛСКИТЕ ОБЈЕКТИ КАКО ЕДНА РАЗВОЈНА ТОЧКА ЗА УСОВРШУВАЊЕ НА ТУРИЗМОТ ВО ДОЈРАНСКИОТ РЕГИОН..........................................................................................................................219

**М-Р МАРИНА РАДОСАВЉЕВИЌ-БОЈЧЕВА, М-Р ЗОРАН ТЕМЕЛКОВ, М-Р КОСТАДИНКА ЧАБУЛЕВА**

ИПА ФОНДОВИ: МОЖНОСТИ И ПЕРСПЕКТИВИ ЗА РАЗВОЈ НА ТУРИЗМОТ ВО ДОЈРАНСКИОТ РЕГИОН.........................................................................................................................225

**БРАНКО БИЗОЕВ**

ДЕСТИНАЦИСКАТА МЕНАЏМЕНТ КОМПАНИЈА КАКО МОЖНОСТ ЗА ПОГОЛЕМА АФИРМАЦИЈА НА КУЛТУРНИТЕ И ГАСТРОНОМСКИ ВРЕДНОСТИ НА ДОЈРАНСКИОТ РЕГИОН.........................................................................................................................233

**ТИХОМИР РУЧКОМАНОВ**

ДОЈРАНСКА БАРТЕР БЕРЗА.......................................................................................245

**ПЕТРАНКА ЧАЛКОВ**

РИБАРСТВОТО И АКВАКУЛТУРАТА ВО ДОЈРАНСКИОТ РЕГИОН......................................253

**ЕФТИМОВА ЕЛИЗАБЕТА, ДУКОВА МАЈА**

АЛТЕРНАТИВНИ ФОРМИ НА ТУРИЗМОТ ВО ДОЈРАНСКИОТ РЕГИОН.............................261

**ЗАКЛУЧОЦИ** …………………………………………………………………...269

# ПРЕДГОВОР

Организаторите и реализаторите на Научно-стручната трибина „Туризмот во дојранскиот регион“ одржана на 20. април 2012 година во Стар Дојран, ја исполнија дадена обврската дадена на почетокот, а тоа е издавање на Зборник на трудови.

Со успешно менаџирање, Редакцијата на Зборникот, на стручната и пошироката јавност им ги претставува сите 28 трудови презентирани на трибината.

Дојранскиот регион е еден од најразвиените туристички простори во источниот дел од Република Македонија кој дава, но и може да даде уште многу разновидни туристички услуги и производи.

Се надеваме, идеите изнесени во Зборникот ќе претставуваат добра основа за изработка на Стратегија за развој на туризмот во Дојранскиот регион и имплементација на истата.

Редакцијата, на сите субјекти им се заблагодарува за добронамерните сугестии и помош околу издавањето на Зборникот.

***Редакција***

**Проф. д-р Благоја МАРКОСКИ**[1]

# ДОЈРАНСКА КОТЛИНА

ИЗВОД

Во географската и сродна литература во Република Македонија, Дојранското Езеро и неговото непосредно опкружување вообичаено се проучува и презентира само делот кој административно политички припаѓа на Република Македонија. За покомплексно согледување на географските карактеристики на езерото и неговото сливно подрачје како проблем на проучување е поставена територијата на целата Дојранска Котлина, односно сливната површина на Дојранското Езеро.
**Клучни зборови**: Дојранско Езеро, Дојранска Котлина, географски карактеристики

**Цел на проучување**

Дојранската Котлина како географски проблем на истражување е поставена со цел покомплексно да се согледаат географските карактеристики на целиот простор кој непосредно го тангира Дојранското Езеро, наспроти парцијалните пристапи да се проучува само делот на котлината и езерото во границите на територијата на Република Македонија.

**Некои основни физичко географски карактеристики на Дојранската Котлина**

*Географска положба*

Дојранското Езеро со своето сливно подрачје се наоѓа во ЈИ дел од Република Македонија во граничното подрачје со Грција.

*Граници и големина на територијата*

Границата на Дојранската Котлина скоро се поистоветуваат со водоразделната линија на сливот на Дојранското Езеро. Во тие граници Дојранската Котлина зафаќа површина од 276 км$^2$ од кои денес 180 км$^2$ припаѓаат на Грција а 96 км$^2$ припаѓаат на Република Македонија.

[1] Универзитет Св.Кирил и Методиј, Природно-математички факултет, Институт за географија

Должината на водоразделната линија изнесува 84 км (48 км во Грција и 36 км во Република Македонија). Државната граница го дели огледалото на Дојранското Езеро и котлината така што на потегот на котлината се протега во должина од 21 км.

*Релјеф*

Дојранската Котлина според тектонските карактеристики се смета за тектонски ров, така што често се идентификува/именува како Дојрански Ров. Релјефот се одликува со разновидни геоморфолошки форми. Во висинска смисла се протега од 148 м а.н.в. (нивото на Дојранското Езеро) до 1888 м а.н.в. на планината Беласица. Во пониските делови се присутни рамничарски и ридски територии кои достигнуваат до околу 500-600 м а.н.в., односно се под 500 м релативна височина. Помал дел од територијата е планински простор од средновисоката планина Беласица. Во целина релјефот на Дојранската Котлина има јужна експозиција со мошне изразени наклони на земјиштето на падините на планината Беласица.

*Клима*

Дојранската Котлина според климатските елементи и појави се одликува со медитеранска клима со присуство на топли лета и благи зими. Просечната годишна температура на воздухот изнесува над $14^0$C а просечната земска температура е околу $4,5^0$C. Просечната годишна количина на врнежи изнесува 682 мм. Преовладува северозападниот ветер со честота од 319 промили. После него поизразен е источниот ветер со честота од 89 промили. Голема е и честотата на тишините која изнесува 374 промили. Дојранската Котлина се одликува со долготрајно осончување кое средно годишно изнесува 2440 часови.

*Хидрографија*

Хидрографијата во Дојранската Котлина главно е претставена со Дојранското Езеро, речните текови кои се вливаат во него и некои помали издани на подземни води. Речната мрежа ја чинат поголем број речни текови и суводолици. Најзначајни се реката Ханџа, Плакес, Харадра комитаџи, Куру Река и Кара Река на територијата на Грција и пограничната река Дервен, Сува Река и Црн Дол на територијата на Република Македонија. Од Дојранското Езеро излегува реката Ѓолаја. Во сливното подрачје на езерото се присутни и одреден број извори кои се одликуваат со релативно мала издашност. На територијата на Република Македонија покарактеристичен е изворот Топлец. Во хидрографијата на езерото е значаен и хидросистемот за спас на

Дојранското Езеро преку кого се носи вода во езерото од бунарите кај село Ѓавато во кај Богданци.




*Сл.1. Топографска карта на Дојранската котлина*

*Педогеографски одлики*

Во Дојранската Котлина во рамничарскиот дел главно се распространети алувијални почви, во подножјето на планината Белсица се присутни делувијални почви, потоа црвеници во деловите на Карабалија и во повисоките делови на планината се распространети планински кисели кафеави почви. Застапени се и голем дел деградирани почви, особено оние на пострмните падини на планината Беласица.

*Биогеографски одлики*

Присуството на медитеранската клима во Дојранската Котлина условиле да се развие типишна медитеранска вегетација која е претставена со тревна и културна вегетација во пониските простори, зкржлавена нискостеблена вегетација (главно претставена од дабот прнар) во ридестите простори и типична шумска вегетација на повисоките простори на планината Беласица.

**Социогеографски и економско географски карактеристики на Дојранската Котлина**

*Социогеографски карактеритики*

Социогеографските карактеристики во Дојранската Котлина се карактеризираат со присуство на 25 населени места. Од нив три се на територијата на Република Македонија (Стар Дојран, Нов Дојран, Сретеново и Николиќ), а останатите се на територијата на Грција. Такви се Дојрани (Дојран), Драсатон (Патарос), Амаранда (Сурлово), Ај Хараламбос (Димонци), Мириофитон (Попово), Н. Мириофитон (Н. Попово), Акролимнион (Брест), Калирон (Карачали), Радан, Мурије (Акинџали), Александра, Психроврриси, Микроврриси, Ана Сурмена, К.Сурмена, Ај Параскевис, Климатариа и неколку помали подгорски села како Рематиа, Финаро, Агора, Кавалори, Менетли, Промахон, Нигдис и Литоту. Според картографските прикази се забелезува дека подгорските села се раселени, односно преселени во пониските рамничарски простори. Тоа се гледа од повторувањето на имињата на некои од населбите и од картографските прикази на селата. Имајци ја предвид ваквата мрежа на населби може да се констатира дека во Дојранската Котлина живеат до околу 15000 жители, од кои околу 5000 во Република Македонија и останатите во Грција.

*Економско географски карактеристики*

Дојранската Котлина со својата големина од 276 км$^2$ со поволните релјефни одлики, клима, хидрографија, педологија, населени

места, сообраќајна инфраструктура и присуството на самото Дојтранско Езеро, располага со услови за развој на разни стопански дејности.

Во сверата на земјоделството, рамничарските и рамничарско ридските простори се поволни за одгледување на разновидни поледелски (житни, градинарски, индустриски и фуражни култури), овоштарски и лозарски култури. Нивното одгледување е знашително поизразено на источната страна од езерото на територијата на Грција. Поради медитеранската клима околу езерото егзистира и маслинката.

Во регионот е присутно и одгледувањето на ситен добиток претежно претставен од кози, свињи и живина. Позастапена дејност во крајбрежните населби е риболовот, бидејќи Дојранското Езеро е познато по богатството со риба (иако после случувањата во врска со уништувањето и спасот на Дојранското Езеро се наруши дел од биодиверзитетот во него).

Секундарниот сектор е недоволно развиен, бидејќи во котлината егзистираат селски населби од кои само три се со повисок степен на урбанизација (Стар и Нов Дојран во Република Македонија и Дојрани во Егејскиот дел од Македонија односно денес во Грција). Затоа преовладуваат примарните дејности, а секундарните дејности не се доволно изразени.

Сообраќајната инфраструктура ја чинат регионални патишта кои го заобиколуваат езерото скоро од сите страни. На нив се надоврзуваат поголем број локални патишта кои ги поврзуваат населените места. На територијата на Грција напоредно со главната сообраќајница се протега и железничка пруга, која за жал иако е на неколку стотини метри од границата со Република Македонија таа нее поврзана со населбите Стар и Нов Дојран во Република Македонија.

Посебна дејност која влијае во развојот на регионот е туризмот.

Туристичката дејност е поразвиена во Стар и Нов Дојран во Република Македонија и нешто помалку во Дојрани во Грција. Крај брегот на езерото присутни се поголем број хотели, одморалишта, кампови и викенд куќи. Меѓутоа, и покрај основните рецептивни услови, развојот на туризмот на Дојранското Езеро како да стагнира. Сигурно конкуренцијата во новите развојни туристички текови е голема, но тоа треба да е мотив повеќе за поголема креативност во сверата на туристичката дејност.

Посебно внимание треба да се посвети на манифестационите аспекти на туризмот како на пример: организација на денови на кајакарството, традиционалното рибарење, гастрономски денови, спортско рекреативни манифестации и т.н.

## ЗАКЛУЧОК

Дојранката котлина геоморфолошки претставува тектонски ров. Зафаќа 276 км$^2$ и во неа е сместено Дојранското Езеро со површина од 42,5 км$^2$. Поголемиот дел од котлината е во Егејскиот дел од Македонија, односно во денешна Грција, 180 км$^2$ .

Во Дојранската Котлина преовладува медитеранска клима.

Хидрографијата главно ја чини Дојранското Езеро и неколку помали реки кои се одликуваат со мала количина на вода. Во сливот на Дојранското Езеро со проектот за Спас на Дојранското Езеро во 2002 година од сливот на река Вардар (подземни води во Ѓавачко Поле) со цевковод е доведена вода за надополнување и одржување на нивото на езерото.

Во Дојранската Котлина има поволни педолошки услови за развој на растителниот свет и земјоделското производство. Застапена е тревна и културна вегетација во рамничарските простори, закржлавена медитеранска вегетација во ридестите простори (со големо присуство на дабот прнар) и шумска вегетација во повисоките делови на планината Беласица.

Во сливот на Дојранското Езеро некогас егзистирале околу 25 населени места (4 во Република Македонија) а денес главно во пониските делови од котлината постојат околу 15-тина населби. Најзначајни со одреден степен на урбанизираност се Стар Дојран, Нов Дојран во Република Македонија и Дојрани во Грција. Во целата Котлина живеат околу 15000 жители.

Стопанството во Дојранската Котлина се потпира на ресурсите во сверата на примарниот сектор, особено земјоделското стопанство, риболовот и туризмот.

Во непосредна близина на езерото се протега пат со регионално значење, а на територијата на Грција покрај езерото се протега и шелезничка пруга.

Вистинскиот развој на котлината може да дојде до израз ако истата се развива како целина, односно со унапредување на односите и соработката меѓу населението од двете страни на границата и со развој на што поголем број туристички манифестации.

**ЛИТЕРАТУРА**

ВГИ, 1970-1975: *Топографски карти 1:50000*, Београд.
Лазаревски А. 1993: *Климата во Македонија*, Култура, Скопје.
Лепавцов А. 2002: *Вистината за Дојранското Езеро*, Фонд за води, Скопје.
Маркоски Б.2011-2012: Сопствени картометриски податоци и истражувања.